**Известување за концентрација со која ДСВ Холдинг Германија ГмбХ, Германија ќе стекне самостојна контрола над Шенкер Акциенгезелшафт, Германија,**

**(предмет бр. 08- 136 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на ДСВ Холдинг Германија ГмбХ, со регистрирано седиште на с/о Гринфилдс, Фридрих-Еберт-Анлаге 56, 60325 Франкфурт на Мајна, Германија над Шенкер Акциенгезелшафт со седиште на Крупрпштр. 4, 45128 Есен, Германија.

**-ДСВ Холдинг Германија ГмбХ** е глобално друштво за шпедиција и логистика, активно во патните, копнените, воздушните и морските шпедитерски услуги, како и во услугите за договорна логистика. Сите активности на ДСВ Групацијата (DSV Group) се однесуваат на овие основни логистички активности. ДСВ управува со својот деловен модел базиран на мали средства во повеќе од 80 земји, нудејќи услуги низ Европа, Америка, Азија-Пацифик, Блискиот Исток и Африка. ДСВ е основано според законите на Данска и има седиште во Хедехусене, Данска. ДСВ котира на берзата NASDAQ Копенхаген (Данска) под симболот „ДСВ”.

ДСВ Холдинг Германија ГмбХ е владејачко друштво на ДСВ Групацијата, чија организација е поделена на три сектори: (а) ДСВ воздух & море (DSV Air & Sea), (б) ДСВ пат (DSV Road) и (в) ДСВ решенија (DSV Solutions).

ДСВ Холдинг Германија ГмбХ има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – **Друштво за транспорт, логистика и услуги ДСВ РОУД ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр. 56-А/кат 1, Скопје, кое било активно во Северна Македонија во 2023 година со шпедитерски услуги. Регистрирана приоритетна дејност на друштвото е останати придружни дејности во превозот.

**-Шенкер Акциенгезелшафт** е глобално друштво за шпедиција и логистика, активно во патни/копнени, воздушни и морски шпедитерски услуги, како и услуги за договорна логистика. во 2023 година, има остварено приходи на светско ниво во приближно 76 земји. Шенкер е лоцирано во Есен, Германија. Како зависно друштво на ДБ, Шенкер преставува посебна деловна единица на ДБ Групацијата, а Шенкер Акциенгезелшафт е крајното холдинг друштво во неговата групација на друштва.

Во Северна Македонија Шенкер Акциенгезелшафт има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија- **Друштво за шпедиција, превоз на стока и складирање ШЕНКЕР ДООЕЛ Скопје**, ао регистрирано седиште на ул. Индустриска Зона, бр. ул. 36/ББ-П.Ф. 3, Илинден, Северна Македонија, активно во Северна Македонија во 2023 година во договорна логистика и шпедитерски услуги. Регистрирана приоритетна дејност на друштвото е останати придружни дејности во превозот.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар за шпедитерски услуги,

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

02.10.2024 година

Скопје